СТ-59/17

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА, со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Меџит Имероски од село Октиси, застапуван од полномошник адвокат Шериф Салоски, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Занаетчија МЕЏИТ Меџит Алил Имероски с. Октиси Струга со седиште во село Октиси, на рочиштето од 21.06.2017 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Стечајната постапка започната према Занаетчија МЕЏИТ Меџит Алил Имероски с. Октиси Струга со седиште во село Октиси, со единствен матичен број на деловниот субјект 5988993, даночен број 5026005108079, со трансакциска сметка број 210059889930194 при НЛБ Банка АД Скопје, **СЕ ОТВОРА И СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

СЕ НАЛАГА бришење на стечајниот должник од Трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Македонија и други соодветни регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник затекнатите парични средства на трансакциските сметки на должникот да распредели на трошоците за заклучување на постапката а остатокот да го пренесе во Буџетските средства на РМ при НБРМ со жиро сметка 1000000000630 95, сметка на буџетски корисник 2901000922 696 13, приходна шифра 725939 програма 20.

## Образложение

Предлагачот Меџит Имероски од село Октиси застапуван од полномошник адвокат Шериф Салоски до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Занаетчија МЕЏИТ Меџит Алил Имероски с. Октиси Струга со седиште во село Октиси.

За да се утврди дали се исполнети условите за отворање стечајна постапка судот поведе претходна постапка и го именува Златан Јолдески за привремен стечаен управник.

На одржаното рочиште привремениот стечаен управник достави извештај со наод и мислење според кое, врз основа на изведените докази произлезе дека должникот нема имот кој би влегол во стечајната маса или истиот е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, бидејќи е со незначителна вредност.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 68 став 1 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од објавувањето во Сл. В на РМ до Апелациониот суд во Битола

**Д-ви на :**
* полномошникот на предлагачот,
* приврем.стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Сл.В. на РМ

**По правосилноста на:**
* Централен регистар
* Депозитната банка